ПРОЧИТАЈ МЕ!!!!!

# Правила за пријавување на испити

(правилата важат од септемвриска сесија)

## Правила кои се однесуваат на студентите

1. Согласно Усогласениот ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи предвидена е уплата од **300 ден.** за полагање на испит во сесија, со исклучок на првата сесија после семестарот (зимски и летен) т.е. сесијата во февруари и јуни кога не се уплаќа за предмети од непосредно завршениот семестар.

2. Обврска на студентот е на уплатницата во просторот каде се пишува **цел на дознаката** покрај намената за испит да стои **задолжително** за кој испит и на која дата е испитот. Уплатницата се носи на самиот ден на испитот. (види пример во продолжение)

3. Испитот кој се полага мора да е регуларно запишан / презапишан што е евидентирано во индексот

4. Пријавувањето се врши со пријава во која се запишуваат сите потребни податоци за студентот и испитот

5. Пријавите се пуштаат во сандучината според името на професорот во предвидениот рок пет дена пред испит

6. За пријавување после овај рок, предвидена е казна од **400 ден**., согласно Усогласениот ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на високообразовните установи, која студентот ја уплаќа покрај редовната уплата од **300 ден**. На оваа уплатница (300+400 ден.) стојат податоци за кој испит се однесува и на која дата се полага испитот

7. Студентот е должен на самиот испит задолжително да носи индекс

8. Испитот се спроведува според списокот на регуларно пријавени кандидати со дополнение ако има студенти кои полагаат со казна.